EU TECHNICAL ASSISTANCE
TO CIVIL SOCIETY ORGANISATIONS
IN THE WESTERN BALKANS AND TURKEY

TACSO

# Интегрирање на пристапот заснован на човековите права (ПЗЧП) и родовата еднаквост во работата на граѓанските организации

21 и 22 јуни 2021

GDSI Delivering Sustainable Solutions

LDK CONSULTANTS

# Цели на обуката

- Да се стекнеме со основни знаења за човекови права
- Да се запознаеме со пристап заснован на човековите права
- Да умееме да идентификуваме носители на права во конкретен случај кои иматели на обврски
- Да ги применуваме со алаткките кои ќе ни овозможат да го пристапот заснован на човековите права

EU TACSO 3 project is funded by the European Union

# Пред да започнеме – Неколку правила

Да бидеме точни

Да бидеме присутни

Да го исклучиме микрофонот

Камерата да ни биде вклучена кога зборуваме (препорака)

Доколку имате потреба од поставување прашање кренете рака или користете ја chat функцијата

Во случај на технички проблеми контактирајте не

EU TACSO 3 project is funded by the European Union

# Што знаеме?

*Со користење на најмногу два збора одговорете на следниве три прашања?*

1. Зошто постојат човековите слободи и права?
2. Како ги штитиме човековите права?
3. Што работи мојата организација?



# Човекови права – Што треба да знаеме?



- **Човековите права се суштински за сите човечки битија независно од нивната раса, пол, државјанство, етничка припадност, јазик, религија или било кој друг статус.**
- Тие се суштинска карактеристика на нашето битие, кои сме ние и што сме ние.
- Тие произлегуваат од човечноста, разумот и човековото достоинство.
- Без заштита на човековите права не може да се оствари нашиот целосен потенција.

***Човековите права се универзални правни гаранции кои ги штитат лицата и групите од дејствија или пропуштања кои суштински навлегуваат во основните слободи и човековото достоинство.***



# Карактеристики на човековите права

- **Универзални** – Човековите права се универзални независно од политичките, економските и културните системи
- **Неотуѓиви** – Човековите права се суштински за сите човечки битија и не можат да ограничени или ускратени освен во сооодветна постапка и во одредени причини
- **Меѓусебно поврзани** – Подобрувањето на одредено човекови право води кон подобрување на остварувањето на друго право
- **Меѓузависни** – Човековите права се меѓузависни од причина што нивото на уживање на одредено право зависи од нивото на остварување на друго право
- **Неделливи** – Сите граѓански, културни, економски и други права се еднакво важни.

# Принципи неопходни за остварување на човековите права



# Еднаквост и недискриминација

Принципот на еднаквост е основен принцип на човековите права кој се базира на еднаква вредност и достоинство на сите човечки суштества.

Сите луѓе имаат право да ги практикуваат своите човекови права без да бидат дискриминирани врз основа на раса, пол, род, возраст, јазик, религија, политичка определба, убедувања и мислења, национално или социјално потекло, инвалидитет, имотна состојба, здравствен статус, сексуална ориентација и друг основ (оваа листа е инклузивна и отворена).

Афирмативни акции

Намалување на нерамнотежата во моќта



# Учество и инклузивност

- Секој има право на активно, слободно и значајно учество во процесите на донесување одлуки кои ќе влијаат врз општествениот живот на таа личност.
- Овозможувањето учество во процесите на донесување одлуки е основа за активно граѓанство.
- Предуслов за демократија
- Учеството и вклучувањето се особено важни за зајакнување на најранливите, маргинализираните, исклучените и невидливите субјекти во општеството.



# Одговорност и владеење на правото

Државите и останатите носители на обврски се одговорни за обезбедување почитување и остварување на човековите права.

Тие мора да се придржуваат кон стандардите воспоставени со меѓународните договори и домашните закони.

Кога тоа нема да го сторат засегнатите иматели на права мора да имаат право и можност да иницираат постапки пред суд или друго тело во постапка утврдена со закон.



## Прва генерација

***Слобода***

**Граѓански и**

**Политички права**

Живот

Фер судење

Заштита од мачење

Забрана за робство

Слобода на вероисповест

Слобода на изразување

Избирачко право

## Втора генерација

***Еднаквост***

Економски

Социјални

Културни права

Сопственост

Работа

Социјална заштита

Здравствена заштита

Штрајк

Образование

## Трета генерација

***Колективитет***

Економски развој

Здрава животна средина

Природни ресурси

Културно наследство

## Четврта генерација

Еднаков пристап до нови технологии

Дигитален идентитет

Биоетика

# Обврски на државите

| Почитува | Заштитува | Остварува |
| --- | --- | --- |
| Државите мора да се воздржат од дејствија со кои го оневозможуваат уживањето на човековите права | Државите мора да обезбедат дека приватни лица или трети страни не ги повредуваат човековите права | Државите мора да обезбедат позитивни мерки, вклучувајќи соодветни закони, политики и програми за да обезбедат заштита на човековите права. |

# Како може да ги класифицираме човековите права?

**Предмет –** граѓански, политички, економски, социјални културни

**Имател** – Индивидуални и колективни права

**Вид** - Негативни и позитивни права

**Сила** - Апсолутни и права кои може да се ограничат

**Судска заштита** – права кои може да се заштитат во судска постапка и права кои не може да се заштитат во судска постапка

**Обем** – Општи и посебни



EU TACSO 3 project is funded by the European Union

EU TECHNICAL ASSISTANCE
TO CIVIL SOCIETY ORGANISATIONS
IN THE WESTERN BALKANS AND TURKEY

# Меѓународни инструменти за заштита на човековите права



EU TACSO 3 project is funded by the European Union

# Два нивоа на постоење на меѓународната заштита

1. Глобален (Универзален) – Во рамки на ООН

2. Регионални – Вообичаено на ниво на континент (Пр. Европа)

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

osce

Кој е документот на сликата?

Во чии раце се наоѓа?

Зошто е значаен овој документ?

Кои се слабостите на овој документ?



# Основни меѓународни инструменти во рамки на ООН

| | |
|---|---|
| ICCPR | Меѓународен пакт за граѓански и политички права (1966) |
| ICESCR | Меѓународен пакт за економски социјални и културни права (1966) |
| CERD | Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација (1965) |
| CEDAW | Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (1979) |
| CAT | Конвенција против мачење и друго свирепо, нечовечко или деградирачко однесување и казнување (1984) |
| CRC | Конвенција за правата на детето (1989) |
| ICRMW | Меѓународна конвенција за заштита на правата на сите мигранти работници и членовите на нивните семејства (1990) |
| CRPD | Конвенција за заштита на лицата со попреченост (2006) |
| CED | Конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување (2006) |

# Инструменти во рамки на Советот на Европа

Европска конвенција за човековите права (1950)

Европска социјална повелба (1996)

Европска повелба на регионалните и малцинските јазици (1992)

Рамковна конвенција за заштита на малцински права (1995)

Истанбулска конвенција за заштита од насилство врз жените и семејно насилство (2011)

Конвенција за спречување трговија со луѓе (2005)

Европска конвенција за превенција од мачење и нечовечко и понижувачко постапување и казнување (1987)

Европска конвенција против расизам и нетолеранција (1993)

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# Инструменти во рамки на Европската Унија

Повелбата на ЕУ за основните права (2000)

**Правно обрзувачки за сите членки на ЕУ**

**Агенцијата за основни права на ЕУ (FRA)**



# Ограничувања на човековите права

Дозволени ограничувања → Дерогации

# Дозволени ограничувања

Државата може да го ограничи остварувањето на одредени права со користење на т.н рестриктивни клаузули по различни основи, во јавен интерес.

Пр. ***Слободата на движење (ЕКЧП)***

Остварувањето на тие права може да биде предмет само на оние ограничувања кои се:

- предвидени со закон и кои
- претставуваат неопходни мерки во интерес на националната безбедност, јавната безбедност, одржувањето на јавниот ред, спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот или заштитага на правата и слободите на другите во едно демократско општество

**Услови = законска уреденост + легитимна цел + неопходно во демократско општество**

# Дерогации

Одредени меѓународни системи за заштита на човековите права дозволуваат државите во исклучителни околности да се откажат од обврските кои ги имаат превземено за заштита на човековите права.

Пр. Чл. 15 од ЕКЧП

Услови

- Војна или друга општа опасност која е настаната или ќе настане
- Го загрозува животот на нацијата
- Ефектите од опасноста да се исклучителни

Пропорционалност → Известување → Неопходност → Права кои не можат да се ограничат

# Пристап заснован на човековите права

Rights-based approach



# Што претставува пристапот заснован на човекови права?

- Посветување внимание за човековите права во секојдневната работа
- ПЗЧП вклучува ***свесно*** и ***систематско*** интегрирање на човековите права во сите аспекти и фази на развивањето и спроведувањето на политиките.
- Концептуална рамка во процесот на човековиот развој која е нормативно заснована на меѓународните стандарди на човековите права, а оперативно насочена кон унапредување и заштита на човековите права.

# Споредба на ПЗЧП со останатите пристапи во развојните политики

| Добротворност/Charity | Потреби/Need | Права/Rights |
|---|---|---|
| Фокус на она што се дава, а не на резултатот | Фокус и на она што се дава и на резултатот | Фокус на начинот/процесот и резултатот |
| Потенцира зголемување на добротворноста | Потенцира задоволување на потребите | Потенцира остварување на правата |
| Ја препознава моралната обврска на богатите кон сиромашните | Ги препознава потребите како соодветни барања | Ги препознава правата на поединецот и на групата како барања кон правните и моралните носители на обврски |
| Лицата се третираат како жртви | Лицата се предмет на програми за развој | Лицата и групите се зајакнати да бараат остварување на своите права |
| Лицата заслужуваат помош | Лицата заслужуваат помош | Лицата имаат право на помош |
| Фокус на проблемот | Фокус на непосредните причини на проблемот | Фокус на структуралните причини и нивните манифестации |

# Како започна примената на ПЗЧП?




EU TACSO 3 project is funded by the European Union

# Трите столба на ПЗЧП согласно изјавата од 2003

Основна цел на секоја политика е унапредување на човековите права

→

Принципите на човековите права ги водат сите политики

→

ПЗЧП има за фокус да ги зајакне капацитетите на имателите на права и носителите на обврски

# Иматели на права наспроти носители на обврски

| Кои се иматели на права (Right-holders)? | Кои се носители на обврски (Duty-bearers)? |
|---|---|
| Секое лице независно раса, пол, род, возраст, јазик, религија, политичка определба, убедувања и мислења, национално или социјално потекло, инвалидитет, имотна состојба, здравствен статус, сексуална ориентација на кое со одреден правен акт му е признато одредено право.<br><br>Имателите на права мора да имаат капацитет да:<br>- Остваруваат правата<br>- Да знаат како и на кој начин можат да ги заштитат правата<br>- Да бараат правна заштита | Носители на обврски се:<br>- Најчесто државни органи и институции на државната власт<br>- Одредени недржавни субјекти кои имаат обврски во однос на некои лица<br><br>Носителите на обврска мора да имаат капацитет да ги спроведат обврските во однос на носителите на правата. |

EU TACSO 3 project is funded by the European Union

| **За да можат да ги остварат и заштитат своите права имателите на права (rights holders) мора:** | **За да може да ги исполнат своите обврски владите (duty bearers) мора:** |
| --- | --- |
| 1. Да бидат зајакнати и ги **познаваат своите права**<br>2. Да располагаат со **можности и средства** да ги остварат и заштитат своите права и<br>3. Да можат да **преземат дејствија** против повредите на правата и да **истакнат претставки/поплаки** до надлежни органи | **1. Да ја разберат и прифатат сопствената одговорност да ги унапредат и заштитат правата на сите граѓани без дискриминација**<br>**2. Да ја имаат надлежноста потребна за да ги исполнат своите обврски**<br>**3. Да имаат капацитет т.е пристап и контрола врз човечки, финансиски и институционални ресурси потребни за да ги исполнат своите обврски** |

EU TECHNICAL ASSISTANCE
TO CIVIL SOCIETY ORGANISATIONS
IN THE WESTERN BALKANS AND TURKEY

# ПЗЧП во граѓанските организации



EU TACSO 3 project is funded by the European Union

# Кои се карактеристиките на ПЗЧП?

- Остварувањето на човековите права се идентификува како крајни цели на секоја политика
- Лицата/Луѓето се препознати како клучни актери за нивниот развој, а не само како корисници на добра и услуги
- Учеството/Партиципативноста е **средство** и **цел**
- Стратегиите се зајакнувачки, не ослабнувачки – Не прави штета начело
- Резултатите и процесите се предмет на мониторинг и евалуација
- Фокус на маргинализирани и исклучени групи
- Процесот на развој е локален
- Политиките целат да ги намалат јазовите и да ги зајакнат оние кои се оставени позади
- Анализа на состојба се користи да се идентификуваат непосредените, основните и корените проблеми
- Анализа на сите засегнати страни вклучувајќи ги капацитетите на држават како главен носител на обврски

# Кои се придобивките од ПЗЧП?

Го зајакнува остварувањето на човековите права и исполнувањето на меѓународните обврски кои се однесуваат на човековите права

Ја подобрува транспарентноста и одговорноста

Провира резултати и се интегрира со менаџментот заснован на резултатите, што осигирува и обезбедува мерење на ефективноста

Нуди рамка за адресирање на проблемите на најсиромашните и најранливите лица

**Граѓанска организација која го применува ПЗЧП**

Ја зајакнуваат одговорноста на duty bearers

Duty bearers – Ја исполнуваат своите обврски спрема rights-holders

**Промена**

- Институционална и правна
- Во однос на околината
- Економска
- Социјална/Културна

**Промени во животите на луѓето**

Rights-holders Ги бараат своите права од duty bearers

Ги поддржуваат rights-holders да си ги остварат правата

# Како разликуваме проект/програма во која е интегриран ПЗЧП?

| Проект без ПЗЧП | Проект со ПЗЧП |
|---|---|
| Целната група се идентификува како пасивна група, која „прима помош“ (корисници) | Целната група е идентификувана како активен актер и агент за промена (носители на права и носители на обврски) |
| Целната група има ограничено учество во сите фази од планирањето и спроведувањето | Учеството е суштествено заради постигнување гласност во процесот |
| Правата не се дискутираат директно и отворено | Учесниците имаат свесност за своите права и како да бараат нивно исполнување, како и на кој начин да ги исполнат обврските и должностите кон носителите на права |
| Фокусот е на потребите | Фокусот е на повредените, неисполнети права |
| Многу често резултатите се побитни од самиот процес | Процесот е еднакво битен колку и самиот резултат |

# Примена на ПЗЧП во одделните фази во процесот на креирање политики?



# Анализа на состојба

Што се случува и кому се случува?

Зошто се случува?

Кои се клучните субјекти кои го предизвикуваат или се засегнати од проблемот?

о Кои се можните *имателите на права?*

о Кои се можните *имателите на должности?*

**Зошто *имателите на права не се во можност да ги остварат своите права?***

**Зошто *носителите на должности не ги исполнуваат своите обврски, наспроти имателите на* правата?**

Дали постои релевантна законска рамка со која се уредува ова прашање?



**Анализата на состојбата се спроведува преку:**

- Консултации со релевантните засегнати страни;
- Истражување на достапни извештаи, статистички податоци;
- Анализа на закони и останати прописи, вклучувајќи ги и меѓународните инструменти за заштита на човековите права.

**Алатки кои може да се користат**

- Анализа на причинско-последични врски;
- Анализа на претпоставени права и обврски;
- Анализа на недостатоци во капацитетот.

# Анализа на причнско-последични врски (Causality analysis)

Цел на анализата на причинско-последичните врски е идентификувањето на различните причини поради кои одредено човеково право не е остварено или чие остварување е отежнато. Во оваа фаза се идентификуваат и (се` уште потенцијалните) иматели на права и носители на должности.



# Анализа на претпоставените права и обврски (Role pattern analysis)

Со оваа алатка се идентификуваат носителите на должности и нивните улоги и одговорности во однос на проблемот што треба да се адресира.



# Анализа на недостатоците на капацитетот (Capacity Gap Analysis)

Со анализата на капацитетот се дава одговор на прашањето зошто одредено право не е остварено.

Анализата се заснова на претпоставка дека *имателите на права не можат да ги остварат своите* права поради недостиг меѓу *носителите на должностите да ги заштитат правата.*

Цел на анализата на недостатокот на капцитет е да ги идентификува пречките пред имателите на права да бараат остваривање на правата, како и недостатокот на капацитет на носителите на обврски да ги исполнат своите обврски. По правило, анализата треба да се направи земајќи ги предвид различните категории капацитет, како што се: одговорноста, авторитетот/моќта, ресурсите итн.

# Планирање

Во овој чекор се изнаоѓаат решенија за проблемите идентификувани со анализата на состојбата.

Важен дел од процесите на планирање и формулирање проекти е изборот на стратегија како да се адресира одреден проблем. Овој избор треба да се заснова на доказите прибрани за време на фазата на анализа.

Цел на овој чекор е да идентификува потенцијални активности за кои е веројатно дека ќе придонесат кон намалување на разликата во капацитет меѓу имателите на права и носителите на обврски.



# Планирање и дизајн на проекти и програми

- Се заснова на наодите, резултатите и приоритетите утврдени со анализата
- Соработка и вклучување на институциите но и имателите на права
- Се користат принципите на **менаџмент заснован на резултати** кој обезбедува ефикасно користење на финансиски и човечки ресурси за постигнување на резултати
- ПЗЧП го дополнува менаџментот заснован на резултати со тоа што ги прави видливи скриените проблеми и предизвици кои го попречуваат развојот.
- Синџир на резултати

# Синџир на резултати (Result chain)

| Влогови | Активности | Продукти | Исход | Влијание |
|---|---|---|---|---|
| финансиските, човековите и материјалните ресурси кои се вклучени во развојните интервенции | преземените акции или извршените работи кои се насочени кон остварување одредени продукти / outputs. | производите или услугите кои се резултат на имплементирани активности | веројатниот или остварениот краткорочен и среднорочен ефект, предизвикан преку продукти / outputs | позитивен или негативен, примарен или секундарен долгорочен ефект произведен од одредена развојна интервенција |

**Синџир на резултати (result chain)** е каузален след во развојните интервенции кој го наведува неопходниот след за постигнување на посакуваните цели, почнувајќи со влоговите/input, движејќи се преку активностите и продуктите/outputs, и кулминирајќи со исход/outcome и влијание/impact. (OECD/DAC, 2002, p. 33)

# THE RESULTS CHAIN




EU TACSO 3 project is funded by the European Union

# Продукти (Outputs) v. Исходи (Outcomes) во ПЗЧП контекст

**Продукти (Outputs)**

Резултат или производ/услуга која непосредно придонесува кон надминување на јазовите во капацитетите на:

1. Имателите на правата да ги остварат и заштитат своите права и/или носителите на обврски да ги исполнат соодветните обврски; и
2. Правните, институционалните и политичките рамки неопходни за создавање на соодветна околина за имателите на права и носителите на обврски

**Исходи (Outcomes)**



# Синџир на резултати и ПЗЧП

| Илустрација на комплементарноста на ПЗЧП и МЗР во постигнувањето промени | | |
|---|---|---|
| **ПЗЧП, МЗР и промена**<br>← Принципите на човековите права го водат процесот → | | |
| **МЗР** | **ПЗЧП** | |
| Влијание/impact: промена во... | ... квалитет на живот (остварување на човековите права) | Каузална анализа |
| ↑↓ | ↑↓ | |
| Исход/outcome: промена во... | ... перформансите (однесувањата на имателите на права и/или носителите на должности и нивните институции) | Анализа на улоги |
| ↑↓ | ↑↓ | |
| Продукти/outputs: промена во... | ... капацитетите на имателите на права и носителите на должности | Анализа на јазови во капацитетите |

# Спроведување

- Во оваа фаза го спроведуваме она што го испланиравме во претходните две фази
- Подобро планирање = Полесна имплементација



# Спроведување проект со примена на ПЗЧП

**Осигурајте конзистентна и постојана примена на принципите на човековите права во текот на спроведувањето на проектот**

**УЧЕСТВО**
Овозможете учество на сите засегнати страни и маргинализираните групи

**ТРАНСПАРЕНТНОСТ**
Бидете транспарентни во однос на пристапот и начинот на избор на крајните корисници.

**МУЛТИСЕКТОРСКИ ПРИСТАП**
Соработка и вклучување со сите релевантни државни органи и ГО
.

**Спроведувуањето проект со примена на ПЗЧП одзема значително време и ресурси меѓутоа го намалува ризиците и го зголемува влијанието на проектот.**

# Мониторинг и евалуација

Мониторингот и евалуацијата постојат за да го насочуваат проектот и да го олеснуваат донесувањето на одлуки.

Дава насоки дали одреден проект или програма ги остваруваат планираните резултати или не.

Неопходно за креирање стратегии.

Кохерентен и кординиран M&E систем овозможува:

- Пристап до релевантни, навремени и точни податоци за проектните менаџери
- Задоволување на барањата на донаторите



**Мониторингот и евалуацијата вклучуваат следење и споредба на постигнатите резултати со оние кои првично биле планирани и очекувани.**

**МОНИТОРИНГ**

Постојат процес кој се спроведува во текот на целото траење на програмата/проектот и овозможува подобрување на ефикасноста и ефективноста.

**ЕВАЛУАЦИЈА**

Длабинска проценка спроведени во одредени фази од спроведувањето на проектот/програмата. Фокусот на евалуацијата е влијанието на проектот.

# Што следиме?

Процес – Како се реализираат активностите?

Продукт –Дали се остваруваат продуктите?

Исход – Дали проектот предизвикува промена кај целните групи?

Влијание – Дали проектот предизвикува промена во општеството

**Промени во политики и практики**

- Дали носителите на обврски се поодговорни за остварување, заштита и почитување на правата на целните групи?
- Дали политики се развиени и се применуваат? Дали однесувањата на носителите на обврски ги земаат во предвид најдобрите интереси на целните групи?

**Промени во учество**

- Дали целната група може да ги бараат остварување на нивните права и дали се поврзани кога го прават тоа? Дали постојат системи за поддршка?

**Промена во еднаквиот третман и не-дискриминацијата**

- Дали политиките и програмите допираат до најранливите групи?

# Индикатори за следење

„Ако нешто не може да се измери тогаш како да не се има случено“

Се развиваат во втората фаза, а се користат во четвртата

Индикаторите овозможуваат мерење на остварувањето на резултатите

**Видови индикатори**

- Квалитативни наспроти квантитативни
- Засновани на факти (објективни) наспроти засновани на ставови (субјективни)
- Индикатор на перформанси наспроти индикатори на усогласеност
- Индикатори и одредница (benchmark)

# Критериуми за избор на индикатор

| **Критериуми за селекција на индикатори** (ОХЦХР, 2012, стр. 50) | |
|---|---|
| **R** | **Relevant and reliable** – Индикаторите треба да се **релевантни и сигурни** |
| **I** | **Independent** – Индикаторите треба да се **независни од субјектот на мониторинг**, гледано низ призма на методите на собирање податоци |
| **G** | **Global and universally meaningful** – Индикаторите треба да се поставени на начин на кој ќе имаат **значење и ќе бидат разбирливи и надвор од границите на конкретна држава**, но истовремено треба да бидат доволно флексибилни за да се прилагодат на конкретниот контекст и да можат да се дисагрегираат по различни основи |
| **H** | **Human rights standards-centric** – Индикаторите треба да се **втемелени во нормативната рамка и стандарди за човековите права** |
| **T** | **Transparent, timely and time bound** – Тие треба да се **транспарентни, навремени** за да адресираат конкретни состојби, како и да бидат **временски ограничени,** како би се постигнале посакуваните цели во релативно краток период |
| **S** | **Simple and specific** – Индикаторите треба да се изразени на **едноставен јазик** и да бидат **конкретни** |

EU TECHNICAL ASSISTANCE
TO CIVIL SOCIETY ORGANISATIONS
IN THE WESTERN BALKANS AND TURKEY

# Интегрирање на родовите прашања



TACSO

EU TACSO 3 project is funded by the European Union

GDSI Delivering Sustainable Solutions

LDK CONSULTANTS

# Анализа на состојба и планирање

- **Анализа на улогите на мажите и жените**
- **Идентификување на нееднаквоста**
- **Идентификувајте и консултирајте се со организации кои работат на родови прашања**
- **Приберете и анализирајте родово десегрегирани податоци**
- **Дизајнирате проектни активности кои ги задоволуваат посебните потреби на мажите и жените**
- **Воспоставете механизми кои ќе обезбедат родово балансиран проектен тим и учество во проектните активности**
- **Развијте родово специфични индикатори**
- **Земете ги во предвид негативните ефекти што може да ги има вашиот проект**

# Спроведување

- Доколку проектот е родово релевантен спроведете baseline анализа
- Обезбедете дека мажите и жените еднакво може да ги користат сервисите на проектот
- Осигурајте еднакво учество во проектните активности (пр. Обуки)
- Вклучете експерт за родови прашања или осигурајте дека бареме еден член од тимот е стручен за оваа проблематика
- Работете со засегнатите страни на зајакнување на родовата сензитивност

# Мониторинг и евалуација

- Родово десегрегирани податоци
- Следете пристап,учество, и корист на мажи и жени во проектот
- Евалуацијата значително да вклучува компонента која се однесува на родовите прашања
- Родово избалансиран тим за мониторинг и евалуација




Ви благодарам на вниманието
Гоце